# Награда за животно дело на Тоше на "Златна бубамара"

На манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", во четврток, наградата за животно дело ќе ја добие трагично загината мега-ѕвезда Тоше Проески. Тој својата прва награда за најперспективен пејач ја доби токму на "Бубамара", во 1999 година. Тогаш во Универзална, тој го отпеа својот хит "Усни на усни", по што следуваше голем аплауз, овации и воодушевувања од публиката.

Поп-ѕвездата беше најнаградуваната личност на манифестацијата "Златна бубамара". Има добиено 16 статуетки, а секое негово прогласување предизвикуваше дилириум во публиката.

Првиот човек на радиото "Буба Мара", Ранко Петровиќ, вообичаено не сака да открива делови од сценариото на целата манифестација, но и на моментот на постхумното доделување на наградата за животно дело на Тоше. Тој вели дека и оваа година ќе има многу изненадувања, но дека се ќе остане тајна до четврток, до почетокот на манифестацијата.

*(А.Г.)*



*Тоше на "Златна бубамара" има добиено 16 статуетки*

## На "Беовизија" нема да се пеат песни од Тоше

Награда за животно дело постхумно на Тоше ќе му биде доделена и на "Беовизија", која ќе се одржува на 19 и 20 февруари во белградскиот "Сава центар". На првата "Беовизија" во 2003 Тоше победи со песната "Чија си". Низ медиумите се пишуваше дека повеќе пејачи од ексЈУ ќе пеат негови хитови, но од завчера се пишува дека само неговиот бенд ќе отсвири неколку песни.

Душка Вучиниќ-Личиќ, одговорна за односи со јавноста на "Беовизија" и Евровизија, вели дека отпаднала идејата негови колеги да пеат негови песни.

- Вистина е дека пејачите од ексЈУ нема да пеат негови песни. Таа идеја пропадна. Во договор со неговото семејство и одговорните во фондацијата "Тоше Проески" е одлучено неговиот придружен бенд да отсвири неколку песни. Сакавме да се оддолжиме на Тоше како прв победник на "Беовизија" и како пејач со кој имавме супер соработка - вели Вучиниќ-Личиќ.

*(А.Г.)*